Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 31 став 4 од Законот за утврдување на цени на водните услуги (“Службен Весник на РМ“ бр. 07/2016), го објавува следното:

# И З В Е С Т У В А Њ Е

Се известуваат сите даватели на водни услуги кои обезбедуваат водна услуга на подрачја помали од 10.000 еквивалент жители дека согласно член 13 од Законот за утврдување на цени на водните услуги (“Службен Весник на РМ“ бр. 07/2016) и Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга (“Службен Весник на РМ“ бр. 63/2017), краен рок за поднесување на барање за утврдување на тарифа за водна услуга до Регулаторната комисија за енергетика е 15 Септември 2018 година.

Сите даватели на водни услуги кои обезбедуваат водна услуга на подрачја помали од 10.000 еквивалент жители се должни согласно со Законот за утврдување на цени на водните услуги (“Службен Весник на РМ“ бр. 07/2016), да започнат со примена на тарифи за водни услуги најдоцна до 1 јануари 2019 година.

**Скопје, 03 Јули 2018**

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти кат • 1000 Скопје, Република Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 / 02 3233-586 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk